Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

[redacted]

ИП1 бр. 29-416
Дата: 04.07.2025 година


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ДА-НА извоз- увоз ДООЕЛ Велес, со седиште и со адреса на вршење на дејноста на ул. Д-р Панче Васков бр.6 Велес, застапувано од Горан Крстев - управител. Со Записник бр. 29-416 од 30.06.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 232 став 2 точка 6 од Законот за водите (Службен весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, 151/21) донесе:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ДА-НА извоз- увоз ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Д-р Панче Васков бр.6 Велес:

   Да поднесе Барање за добивање на дозвола за користење на подземна вода за технолошки потреби до надлежниот орган-Управата за води при Министерството за животна средина и просторно планирање, за бунарот лоциран на ул. Д-р Панче Васков бр.6 Велес.
   Рок: 90 (девеесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

3. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024 изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство, трговија и услуги ФАРМА ДА-НА

извоз- увоз ДООЕЛ Велес, со седиште и со адреса на вршење на дејноста на ул. Д-р Панче Васков бр.6 Велес.

[redacted]

Редовниот надзор се изврши со цел да се утврди дали за вршењето на дејноста е прибавена потребната дозвола согласно со членовите 26 и 28 од Законот за водите.

При надзорот беше присутен Горан Крстев - управител.

Субјектот на надзор уредно и навремено беше известен за времето на надзор, а во прилог на Известувањето ИП1бр. 29-416 од 04.06.2025г. беше доставена и Листа на проверка со прашања за проверка кои го утврдуваат обемот на инспекциски надзор, кој беше презакажан на барање на субјектот, заради приватни причини.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со бр. 29-416 од 30.06.2025 година, придружен со Листа на проверка.

На ул. Д-р Панче Васков бр.6 Велес е организирано вршењето на дејноста одгледување на свињи, во објекти во сопственост на субјектот на надзор ФАРМА ДА-НА извоз-увоз ДООЕЛ Велес. Дејноста е организирана на КП 1441/1 и КП 1438/9 КО Башино село, на земјоделско земјиште во сопственост на одговорното лице на субјектот на надзор Горан Крстев, а е основана во 09.2010 година.

Потребите за вода за производниот процес, за поење на свињите и за други стопански потреби на свињарската фарма ги задоволува од бунар, од кој се црпи подземна вода за стопански потреби и се наоѓа внатре во објект за одгледување на свињи на КП 1441/1 КО Башино село.

За црпењето на вода од подземно водно тело за стопански потреби на фармата субјектот не поседува Дозвола издадена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, согласно со член 26 и член 28 став 1 точка 2 алинеја 3 од Законот за водите, а непречено долги години користи вода од подземно водно тело за стопански потреби на фармата.

Согласно член 23 став 1 од Законот за водите: Заради остварување на јавниот интерес при користењето на водите, како и заради остварувањето на правните и физичките лица да користат и испуштаат води, се доделува водно право на правните и физичките лица, под услови и на начин утврден во Законот за водите.

Согласно член 26 став 1 од Законот за водите: Правното или физичкото лице се стекнува со водно право врз основа на дозвола за користење на водата.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

Согласно член 28 став 1 точка 2 алинеја 3 од Законот за водите: Дозволата за користење на вода е потребна за црпење, пренасочување, акумулирање или користење на водата од подземно водно тело заради: индустриски, технолошки и стопански потреби.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 232 став 1 точка 2, а врз основа на член 232 став 2 точка 6 од Законот за водите, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Во согласност со член 240 став 6 од Законот за водите, жалбата не го одлага извршувањето на решението.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна постапка пред надлежен прекршочен орган, во согласност со член 234 став 3 од Законот за водите.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.
Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-416, на ден 04.07.2025г.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243